ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАРПОШ
„ГРАДОНАЧАЛНИК“
Бр. 11-973/2
02.02.2024 год.
СКОПЈЕ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 50, став 1, од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002), а во врска со точка 5. Јавен повик за поднесување на проекти од областа на локалниот економски развој на Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот за 2024 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2024) и врз основа на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.2/2024), Општина Карпош објавува

**ОГЛАС**
**за финансиска поддршка на проекти од областа на локалниот економски развој за 2024 година**

Средствата од Буџетот на Општина Карпош наменети за реализација на Програмата за развој за 2024 година, се распределуваат за следните теми:

**1. Проекти од областа на локалниот економски развој**

Распределба на средствата од Буџетот на Општина Карпош за реализација на Програмата за развој за 2024 година се наменети за финансирање на програмски активности на граѓански организации. Распределбата на средствата ќе се врши врз основа на критериуми и приоритети дадени во овој повик.
Заинтересираните страни треба да понудат креативен и ефикасен проект со осмислени активности што може да се имплементираат во Општина Карпош според приоритетната област.

**Предвидени средства**
За финансирање на понудената програмска активност во согласност со овој повик, ќе се користат средства од Буџетот на Општина Карпош во вкупна висина од 200.000,00 денари.
**Основни критериуми**
- Да се регистрирани според Закон за регистрирање на граѓански организации најмалку една година пред објавување на огласот
- Да се занимаваат со активности и проекти од јавен интерес посебно од областа на локалниот економски развој и вклучување на младите

- Работењето и дејствувањето да е насочено кон пошироката јавност и кон интересите на заедницата, во корелација со Статутот и Програмските активности на здружението
- Да не добиле средства или поднеле барање до друг орган на државна управа во тековната година за финансирање на истиот предложен проект, а што би значело двојно финансирање на активноста/проектот

**Потребна документација за доставување:**

- Предлог проект
- Реализација на предлог проектот да започне најдоцна 40 дена од денот на потпишување на Договорот
- Заверена изјава за број на лица кои би го спроведувале проектот
- Предлог финансиски план
- Копија од статут и Решение за регистрација на граѓанска организација или Извод од Централен регистер (не постар од шест месеци)
- Референтна листа за изработени проекти
- Предходна соработка и завршен проект со општината ќе се смета за предност

**Напомена:** Рокот на поднесување на пријавите е се до исцрпување на финансиските средства, а проектот треба да биде реализиран најдоцна до 31.12.2024 година со избор на најсоодветниот проект.

Пријавата со целокупната документација да се достави преку пошта или на адреса: ул. Радика бр.9 (барака 2 - архива) од 07:30 до 15:30 часот со ознака”Не отварај” и со назнака “За **финансиска поддршка на проекти од областа на локалниот економски развој за 2024 година”**

Граѓанските организации кои се учесници на Јавниот оглас, ќе бидат известени за резултатите по објавување на Одлуката за распределба на средствата во "Службен гласник на Општина Карпош"

**<u>Доставување на извештај</u>**

Граѓанската организација на која ќе и бидат доделени средства, по завршување на своите програмски активности ќе достави Извештај за активностите и користење на средствата до Секторот за развој на Општина Карпош утврдени во Договорот.

Лице за контакт: Роберт Јанковски 072/273 995

Комисија за реализија на
активностите од годишната Програма за развој